

# ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# KRYQI I KUQ I QYTETIT TË SHKUPIT PROGRAMI I PUNËS
# THE CITY RED CROSS SKOPJE ANNUAL PROGRAMME

# 2006




# ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ДВИЖЕЊЕТО

### ХУМАНОСТ

**Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина настана како резултат на желбата да им се помогне на ранетите на бојното поле и тоа без било каква пристрасност, како и да го спречи и олесни човековото страдање секогаш кога е тоа можно. Целта на движењето е да го заштити животот и здравјето и да го почитува човекот. Промовира заедничко разбирање, пријателство, соработка и траен мир меѓу сите луѓе.**

### НЕПРИСТРАСНОСТ

**Не прави дискриминација врз основа на национална, расна, верска и класна припадност или политичко убедување. Настојува да ги олесни страдањата на поединците, водејќи се исклучиво од нивните потреби, но давајќи приоритет на најитните случаи.**

### НЕУТРАЛНОСТ

**За да ја ужива довербата на сите, движењето не смее да завзема страна од политичка. расна, верска или идеолошка природа.**

### НЕЗАВИСНОСТ

**Движењето е независно. Националните друштва иако делуваат како дополнение на хуманитарните служби на владите и се предмет на регулирањс на националното законодавство, мораат да ја зачуваат автономноста за да можат да дејствуваат во секое време, согласно со принципите на Движењето.**

### ДОБРОВОЛНА СЛУЖБА

**Тоа е движење за давање на доброволна помош кое не е инспирирано од материјални побуди.**

### ЕДИНСТВО

**Во една држава може да има само едно национално друштво на Црвениот крст или Црвената полумесечина. Мора да биде отворено за сите и да ја извршува својата хуманитарна работа на целата територија во земјата.**

### УНИВЕРЗАЛОСТ

**Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, во кое сите друштва што го сочинуваат имаат еднаков статус, одговорности и должности взаемно да се помагаат, делува во целиот свет.**

# МИСИЈА

Република Македонија, а го сочинуваат Општинските Организации на Црвен крст во Скопје. Во остварувањето на своите задачи се раководи од одредбите на Женевските конвенции и Дополнителните протоколи како и од Основните принципи на Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

Црвениот крст на град Скопје е доброволна, масовна, самостојна, независна, хуманитарна организација на граѓаните на град Скопје која дејствува и работи како невладина и непартиска организација согласно позитивните прописи на државата, Законот за Црвен крст на РМ, Стаутот на Црвениот крст на РМ и својот Статут.

За остварување на целите и задачите Црвениот крст на град Скопје ги мобилизира и организира човечките ресурси, финансиските и материјалните средства како во земјата така и во странство.

Крајна цел на Црвениот крст на град Скопје е подобрување на животот на ранливите категории лица и промовирање на хуманите вредности и хуманитарното право.

Стратешки цели на Црвен крст на град Скопје:

- Промовирање на Основните принципи и хуманите вредности на Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина
- Подготвеност и делување при катастрофи
- Обезбедување на хуманитарна и социјална помош на населението
- Здравствена грижа преку заштита на животот, здравјето и човековото достоинство
- Почит кон луѓето, недискриминираност врз основа на национална припадност, раса, пол, верско или политичко убедување
- Развивање и масовност на волонтерската служба

Црвениот крст на град Скопје е активен во следниве сектори :

- Здравство и превентива
- Крводарителство
- Прва помош
- Социјално–хуманитарен
- Подготвеност и делување при катастрофи
- Дисеминација и ПХВ
- Меѓународна соработка
- Млади
- Информирање и комуникација

Црвениот крст на град Скопје активностите ги остварува преку:

- Реализација на проекти
- Обука, семинари и совети
- Информации, извештаи и проценка
- Раководење и управување






**ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ**
**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА 2006**

Издавач: Црвен крст на Град Скопје
Технички уредник: Владимир Хаџи Пулевски
Печати: Европа 92 Кочани
Тираж: 500 примероци

## Нашата хумана мисија

Многупати луѓето живееат во услови на минимална оштествено – економска безбедност и тогашчовековото достоинство се нарушува и човекот се наоѓа на скалилото на кое што несакал да се најде, скалило на ранливо население. Присутни се и голем број на состојби како што се вооружените конфликти, природните катастрофи, како и катастрофите предизвикани од човекот. Тогашопштеството за момент е исфрлено од рамнотежа, тогашзаконите се кршат, човековата природна средина е претворена во хаос, а неговата сигурност, здравјето и самиот опстанок се загрозени.

Многупати во животот нереалното станува реално и обратно. Црвениот крст на град Скопје во изминатиот периоди многу пати се најде на самата граница на која што беа и тестирани неговите капацитети. Моменти каде што мораше да се одговори, да се помогне, да се пружи рака на оние на кои реалноста им беше хаотична а иднината не се гледаше. Тоа се моменти кога границите се шираат, кога срцата пукаат и кога духот се крши и за нас но и за оние кои ја примат нашата рака.

Постои една взаемна врска помеѓу мене и тебе, нас и нив, еден круг од кој што ние и несакаме да излеземе, круг во кој ние даваме, но круг во кој што и примаме. Примаме од хуманисти, луѓе кои сакаат да помогнат, примаме време, позитивна енергија, поддршка, храна, облека за сите они на кои истата им е потребна. Знаеме дека сме на вистинскиот пат се додека нашите корисниците ни возвратуваат насмевка, насмевка што ни го продолжува животот.

Организацијата на Црвен крст Скопје е дел од сите општествени случувања и превирања на нашето секојдневие. Стремежот да останеме непристрасни и да функционираме според принципите на меѓународните кодекси на нашата Организација, се заложби на целото наше членство.

Денес Црвениот крст на град Скопје е широко развиена и програмски современа организација, организација која негува високи стандарди на организирање. Во нашата агенда за развој и дејствување тежнееме да ги користиме сите наши човечки и материјални потенцијали за да бидеме во служба на хуманоста. Тоа овозможува изработување на добри и соодветни програми кои се насочени во области каде што имаат најголемо влијание , бидејќи секоја категорија на корисници наложува различен пристап, но сите имаат придобивка од Црвениот крст.

Претседател на Црвен крст
на град Скопје
Саит Саити

Секретар на Црвен крст
на град Скопје
Сузана Т. Пауновска

# СОДРЖИНА

Организација и развој 4
Маркетинг и мобилизација на Фондови 7
Меѓународна соработка и информирање 7
Дисеминација и промоција на хумани вредности 8
Проект ПХВ 8
Млади на Црвениот крст 11
Социјално хуманитарна дејност 11
Здравствено- превентивна дејност, крводарителство и прва помош 12
Прва помош 15
Крводарителство 15
Служба за домашна посета 16
Здравствена заштита на барателите на азил 16
Подготвеност и дејствување при катастрофи 19
Единица за итни интервенции 19
Планинска спасителна станица Водно 19
Центри за едукација и рекреација 20
Финансов план за 2006 год. 22

# Организација и развој

**Програма за организационен развој на Црвениот крст на град Скопје ќе ги опфати активностите усмерени кон остварување на предуслови за спроведување на програмските активности за 2006 година.**

Согласно со тоа организациониот развој преставува и цел и средство за спрове–ду–вање на мисијата на Црвениот крст и не–прекинато унапредување на про–грамите и услугите наменети за корис–ниците посеб–но на ранливите кате–гории на лица.

**Општа цел:**

Унапредување на капацитетите и способ–ностите на Црвениот крст на град Скопје да ги остварува своите стратешки цели за да–вање услуги во заедницата.

**Посебни цели:**

- Обезбедување на поголеми и поси–гурни финансиски средства;
- Обезбедување на препознатливост на Црвениот крст на град Скопје во начинот на реализација на актив–ностите како и подигање на имиџот на повисоко ниво од претходната година;
- Продолжување на проектите кои се започнати во 2005 година и реали–зација на нови со кои ќе се обезбеди давање на услуги на заедницата со–гласно мисијата и потребите во оп–штеството.

**За постигнување на планираните цели предвиде–ни за 2006 година ќе се реализираат следниве активности:**

1. Анализа на постоечките човечки потенцијали (во–лонтери и професионалци) и на основ на добиен–ите резултати да се утврди кадровска политика и обезбедување на адекватна правна регулатива.
2. Дефинирање на единствен систем на обука, вклу–чувајќи нова обука, дообука, проверка и потврду–вање на знаењето, курсеви.
3. Изработка на софтверски пакет за прибирање, чување и анализа на податоците за вработените и волонтерите со цел воспоставување на база на податоци за човечкиот потенцијал со кој распола–га Црвениот крст на град Скопје.
4. Утврдување на систем за наградување и мотиви–рање на вработените и волонтерите во организа–цијата.
5. Редовно усогласување на Статутот врз основа на промените на ниво на Статутот на Црвен крст на РМ.
6. Анализа на структурата на приходите и расходите како и можни начини на соработка со партнерите и донаторите со изработка на стратегија на фи–нансирање.
7. Дизајнирање и развивање на упаства и обрасци за брзо известување, користење на современа тех–нологија.
8. Воведување на годишна награда за новинарите со најголем придонес за афирмација на Црвениот крст на град Скопје како средство за мотивација.
9. Воведување на нови форми на координација и ре–ализирање на програмите на ниво на град Скопје со ООЦК согласно новата територијална поделба на главниот град.

**ПОСЕБНА ЦЕЛ**

Обезбедување на добро обучени и мотивирани лица кои ефикасно ќе работат на спроведување на програмите на сите нивоа на организираност

**ПОСЕТЕТЕ ЈА НАШАТА ВЕБ СТРАНА**
www.redcross.org.mk/sko










Schweppes
СИТЕ СМЕ НИВНИ ДЕЦА
075 140 100
CONNECT GSM
MEMPHIS







# Маркетинг и мобилизација на фондови

**Програмските активности можат да ја остварат својата цел ако во целост се имплементираат, но истите во најголема мера зависат од обезбедување на средства и мобилизација фондови како на локално така и на регионално ниво.**

Операционализацијата на економските ресурси и капацитети, а со цел афирмација на Црвениот крст ќе се направи преку следниве активности:

- Проект Донатори на Црвениот крст на град Скопје
- Изработка и реализација на кампања со одредена целна група Црвениот крст и крводарителот/предлог за 2006
- Целосно искористување на капацитетите на Центрите со кои располага Црвениот крст на град Скопје
- Учество во реализација на проекти со други невладини организации
- Изготвување на атрактивни проекти и апликации преку пријава за финасиска подршка на истите
- Семинар на тема: *Како да им пристапиме на донаторите ?*

# Меѓународна соработка и информирање

**Процесот на внатрешната трансформација на државата се рефлектира и на нашата определба за развој на меѓународната соработка со главните градови во регионот као и со главните градови на земјите членки на ЕУ.**

Развојот на активностите кои се дел од меѓународната соработка упатуваат на потврдата за зрелоста на организацијата, допринос во развојот на угледот на Националното друштво во регионот и пошироко.

На овој план ќе се преземат следниве активности:

- Заедничка реализација на проекти со ЦК на град Нинберг Германија;
- Продолжување на соработката со Ајнбек Германија;
- Започнување на можни активности со градот Осло Норвешка;
- Учество на Второто Балканско Прvenство на главните градови по прва помош во Софија Бугарија;
- Учество на меѓународни семинари и обуки за кои ќе процениме дека се од голема важност за изградба на капацитетите на нашата организација;
- Ликовна колонија 2006.

Меѓународната соработка иако не е директно програмска активност таа е во блиска врска со останатите програмски активности, преставува жив процес кој бара доследност и почитување на Основните принципи, способност и мудрост на реакции во скалд со потребите на луѓето и подготвеност да се следат промените во општеството.

## Информирање

Со цел да ги покажеме резулатите од нашето работење, да ги објасниме нашите цели и задачи и да ги приближиме ефектите од нашата работа до граѓаните, корисниците на нашите услуги, донаторите навреме и транспарентно ќе ги информираме за целокупното работење на организацијата. На овој начин ќе допринесеме институциите да ја разберат улогата на Црвениот крст да ја ценат и штитат неговата независност и амблем и ги користат неговите капацитети.

**За таа цел во 2006 на планот на информирањето ќе се реализираат следниве активности:**

1. Издавање на весникот Солидарен мост (два пати годишно Јуни /Декември);
2. Постојано ажурирање на веб страната на ЦК на град Скопје;
3. Изработка на англиска и албанска верзија на веб страната;
4. Изготвување на извештаии и соопштенија до средствата за јавно информирање;
5. Учество во контактни и дебатни емисии.






# Дисеминација и промоција на хуманите вредности

Целта на дисеминацијата е не само да се осигури дека луѓето вработени или волонтери, јавни или приватни институции или заедницата во целост ги знаат Основните принципи и хумани вредности туку да се влијаае на нивното однесување .

Основна цел е ширење на знаењата за Меѓународното хуманитарно право и Основните принципи и идејата за Движењето на Црвениот крст и црвената полумесечина за да можат тие да бидат разбрани, прифатени и почитувани. Нејзината намера е исто така да ја олесни хуманитарната работа.

Активности планирани за 2006 година :

- Организирање на предавања, работилници, сесии;
- Вклучување во кампањата за употреба и заштита на амблемот на ЦК;
- Семинар за дисеминатори со посебен акцент на едуцирање на дисеминатори од албанска, ромска и турска националност;
- Учество на работилници кои ги организира ЦК на РМ;
- Организирање на работилници во рамкит на проектот ПХВ;
- Координирање и подршка на ООЦК на нивните активности на полето на дисеминацијата;
- Учество во работењето на Клубот за дисеминација во рамките на ЦК на РМ

# Промоција на хумани вредности / ПХВ

МКЦК во Р.Македонија активно ја подржува имплементацијата на проектот ПХВ уште од 1998 година. Проектот е иницирaн 1996 година и е одобрен од страна на Министерството за образование. Може да се користи во веќе постоечката училишна програма со цел размена на интер етничката комуникација помеѓу младите од различни национални припадности, го подобрува имиџот на Националното Друштво, го зголемува бројот на волонтерите и работи на полето на дисеминацијата кај младите.

### Целна група:

Ученици од втора година средно образование, професори, претставници на младите на ЦК и дисеминатори.

### Вклучени страни:

ЦК на РМ, МКЦК, Црвен крст на град Скопје, Министрество за образование / Биро за развој.

### Стратегија за 2006 година:

- Подобрување и задржување на квалитетот на активностите;
- Намалување на трошоците при што нема да се намали квалитетот;
- Акцент на активностите на ЦК, поголемо вклучување на ООЦК и зголемување на бројот на волонтерите;
- Поголемо вклучување на училиштата;
- Начин (критериуми) за избор на училиштата и подобрување на начинот за изборот на професори;
- ПХВ да влезе во годишниот извештај на училиштата;
- Дисеминациска обука за сите членови на ПХВ колегиумот;
- ПХВ во други нивоа на образование.

### Планирани активности :

- Една подготвителна работилница за ПХВ колегиумот;
- 4 редовни работилници за училиштата;
- Едана работилница за ООЦК;
- Процес на селекција на проекти;
- Финална работилница.

### Генерална цел на проектот:

**Промовирање на културата на дијалог како основа за интеркултурно општество и дисеминација на вредностите на ЦК.**

















Желбата да се помогне е во генот
V.I.P.
ЈАС МИСЛАМ...
Моќта на хуманоста
На 30 мај
Leistungsbericht 2004
60 ГОДИНИ ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ








# Млади на Црвениот крст

**Основна движечка сила во реализацијата на програмските задачи на Црвениот крст на град Скопје на сите нивоа и во сите оддели се младината и подмалдокот. За таа цел активностите во рамките на оваа програмска задача секогаш се планираат со посебен респект и атрактивност.**

Живееме во општество на брзи и динамични промени. За да се вклучат младите во ЦК, програмите мора да се интересни за младиот човек, да имаат мотивирачки елемент и да го следат современиот начин на живеење, а при тоа да се запазат стратешките определби и мисијата на ЦК.

Во рамките на Младинскиот оддел во 2005 година се назначи Координатор за млади со што се надмина бариерата на комуникација со најмладите членови на Организацијата .

Активности кои ќе се реализираат во 2006:

- Предавања, семинари, трибини за добивање на нови вештини во спроведувањето на активностите;
- Учество на меѓународни кампови;
- Реализација на проектни активности согласно Календарот на активности на ЦК;
- Организирање на младински камп со учество на млади од регионот и пошироко;
- Вклучување во сите активности на Црвениот крст на град Скопје каде се планирани младите волонтери;
- Започнување со реализација на проектот Училишна санитетска служба;
- Организирање на семинар Млади медијатори.

# Социјално -хуманитарна дејност

Како една од четирите клучни области предвидени со Стратегијата 2010 и како една од програмските активности на Црвениот крст на град Скопје социјално хуманитарната дејност опфаќа програми и активности со кои се нудат услуги на ранливите категории на корисници со што се допринесува да се реализира мисијата на ЦК на град Скопје.

Специфични активности со кои ќе се реализира оваа програмска активност :

- Координирање на социјално хуманитарните активности на ниво на град Скопје;
- Соработка со Собранието на град Скопје во реализација на хуманитарни акциии за територијата на градот;
- Активности за дистрибуција на хуманитарна помош на раселените лица и барателите на азил;
- Одбележување на традиционалните активности според календарот на ЦК на Македонија;
- Оспособување на поголем број на волонтери за доброволна социјална работа;
- Правна помош за социјални семејства, (пилот проект во траење од 12 месеци во соработка со Адвокатска комора на РМ);
- Социјален проект за новиот пристап кон социјално ранливите категории на лица (Проект / Продавница за користена облека, мебел и други материјални добра).







# Здравствено - превентивна дејност, крводарителство и Прва Помош

**Општата цел на здравствено превентивната дејност е чување и унапредување на здравјето и здравсте-ната култура на населението. Посебни цели во остварувањето на здравстената дејност во склад со законските и програмските обврски на Црвениот Крст содржани се во спроведување на следниве програми:**

- **Здравствена превенција и едукација**
- **Прва помош**
- **Крводарителство**

## Здравствена превенција и едукација

Со истакнувањето на значењето на примарната превенција од одредени заболувања и здравствена едукација потребно е регрутирање на нови членови, посебно на млади лица, кои се најчести жртви на болестите на 21 век.

Приоритетни активности во областа на здравствената превенција и едукација:

1. Организирање на тематски собири посветени на здравствените стилови на живот, зачувување на здрава животна средина, превенција на болестите на современото живеење;

2. Одбележување на традициоаналните активности согласно Календарот на ЦК на РМ

   - Недела на борба против срцево садовите заболувања 21,02–28.02
   - Ден на крводаротелството 17.03
   - Светски ден на здравјето 7.04
   - Светски ден на крводарителството 14.06
   - Ден на солидарноста 26.07
   - Светски ден на ПП 10.09
   - Недела на борба против сидата 1.12–7.12
   - Недела на забоздравствена заштита 15.12–21.12

3. Спроведување активности за изготвување на современи и квалитетни материјали и здравствено – воспитни помагала

4. Соработка со здравствнеите установи на ниво наград Скопје заради препознавање на здравствен–ите потребите на луѓето

5. Воцедување на СОС линија за здравствени проблеми и советувалишта

6. Зајакнување на капацитетите на ООЦК заради поуспешно реализирање на здравствените превен тивни активности на терен.






1945 60 2005
ЦРВЕН КРСТ
НА ГРАД СКОПЈЕ















## Прва помош

Програмата за давање на Прва Помош се реализира со цел: обука на населението, смалување на последиците од нереќите и смалување на бројот на настрадани и повредени.

- Учество во оспособување на кадри за спроведување на курсевите по Прва Помош и ширење на новите доктрини и ставови во Првата Помош;
- Подготовка на едукативни материјали;
- Изнаоѓање на нови мотивациони форми за вклучување на ПП во училиштата;
- Организирање на Регионалниот нтпревар по ПП на ниво на град Скопје;
- Организирање на семинари за лекари едукатори;
- Обука на населението во давање на ПП;
- Подготовки на Репрезентацијата на Скопје Млади за учество на Балканското првенство по ПП на главните градови во регионот.

## Крводарителство

Насоките за ангажирањето на Црвениот крст на град Скопје во областа на крводарителството се дел од конкретните активности што се утврдени со Националната програма за организирање и унапредување на крводарителството во нашата земја ,а која се темели на принципите на доброволност, анонимност.

Едукацијата во оваа област е долгорочна инвестиција, таа не создава чуда и не нуди формула за успех. Станува збор за упорност и доследна работа на една проблематика која добро се познава, а успехот оди постепено но сигурно со постојано зголемување на бројот на крводарителите.

Нашата долгорочна стратегија е да навлеземе во сите пори на општеството, да ја издигнеме свеста на граѓаните да се приклучат на големото семејство на крводарители кои својата хумана мисија ја доживуваат како своја животна определба.

**Активности планирани за унапредување на крводарителството за 2006**

- Изготвување на годишниот план на крводарителни акции, како и изготвување на годишни програми и планови за реализација на програмата за крводарителство;
- Следење на позитивните искуства од другите земји и осовременување на промотивните материјали од областа на крводарителството;
- Организирање на традиционалните акции на ниво на град Скопје / 26 Јули и 13 Ноември;
- Доделување признанија за најуспешните во тековната година;
- Евалуација на стекнатите искуства и постигнатите резултати;
- Одбележување на денот на Крводарителството 17 Март и 14 Јуни
- Воспоставување на единствен систем на собирање на податоци за крводарителите на ниво на град Скопје.







# Служба за домашна посета / медицинска помош при Црвениот крст на град Скопје

И оваа година во рамките на програмските активности ја планираме Службата за домашна посета при Црвениот крст, бидејќи истата согласно новата концепција на финасирање и организирање е од голема важност за Црвениот крст на град Скопје .

Оваа активност ќе се реализира со проценка на нашите капацитети во соработка со Црвениот крст на град Ајнбек и Нинберг.

Планирани активности :

1. Подготовка и поднесување на елаборат до надлежното Министерство;
2. Формирање на медицински тимови;
3. Обезбедување на потребна опрема и услови за работа;
4. Обука на тимовите.

# Здравствена заштита на барателите на азил

Реализација во соработка со Високиот комесаријат за бегалци при ООН

Реализацијата на овој проект е согласно Законот за баратели на азил (Јуни 2003). Вкупната бројка на лица кои се дел од овој проект е 2135. Оваа бројка се очекува да се намали во текот на 2006 година бидејќи се очекува репатриација на дел од азилантите кои не ги исполнуваат условите за престој во нашата земја.

Активности со кои се реализира овој проетк планирани за период Јануар Декември 2006 година:

- Примарна медицинска заштита;
- Дистрибуција и набвка на лекови и друг медицински материјал;
- Секундарно и терцијално медицинско лекување во соработка со Клиничкиот центар;
- Превентивна здравствен едукација;
- Репродуктивно здравје;
- Логистичка помош во дистрибуција на хуманитарна помош за овие лица;
- Организирање на репатриација во соработка со АРЦ;






ЦРВЕН КРСТ НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN RED CROSS
EMERGENCY RESCUE UNIT
ЕДИНИЦА ЗА ИТНИ ИНТЕРВЕНЦИИ















# Подготвеност и дејствување при катастрофи

Анализата на хуманитарната средина обезбедува јасна основа врз кој ќе се дефинираат приор–итетите на Програмата за подготвеност и делување при катастрофи.

И покрај напорите да се намалат ризиците од природните катастрофи и катастрофите предизвикани од човекот, зачестеноста и влијанието на катастрофите се очекува да се зголеми во целиот свет. Катастрофите диспропорционално влијаат на сиромашните: над 90% од вкупниот број на загинати како резултат на катастрофите се во земјите во развој, а економските загуби кои тие ги предизвику–ваат преставуваат процент од нивниот бруто национален производ кој е 20 пати поголем отколку во индустриските земји. Нестабилноста и вооружените конфликти како и природните катастрофи ќе продолжат да предизвикуваат раселување на населението.

Со цел да бидеме поефикасни во овој дел потребно е да се фокусираме на следново:

- Мобилизирање на својата мрежа за укажување на помош;
- Подобрување на брзината и ефикасноста на координативните механизми;
- Надградба на капацитетите со подигање на свеста на граѓаните за справување со последиците од катастрофите – Јавна едукација;
- Зајакнување на планирањето за подготвеност при кататрофи;
- Градење на ефикасни механизми за делување при катастрофи;
- Продолжување на активностите за ставање во функција на Центарот Водно;
- Обезбедување на материјални добра како резерва за одговор при катастрофи.

## Единица за итни интервеници

Единицата за итни интервенции е важен сегмент во реализацијата на програмата за подготвеност и дејствување при катастрофи.

Во текот на 2006 година се планираат активности кои ќе обезбедат подобра екипираност на истата :

- Перманента едукација на тимовите на единицата
- Организирање на вежбовни активности
- Создавање на предуслови за нови членови во едницата

## Планинско спасителна станица Водно

Во рамките на соработката со Црвениот крст на Ајнбек – Германија започна со работа првата планинско спасителна станица Водно.

Истата се покажа како многу важен елемент во развивањето на програмите каде Црвениот крст едноставно е доближен до секојдневието на граѓаните. Оваа активност, во временски период од 6 месеци, како пилот проект покажа одлични резултати со што го заслужи местото да биде дел од нашите планирани активности за 2006.

- Обезбедување средства за функционирање на станицата преку соработката со Собра–нието на град Скопје
- Осовременување на опремата
- Обука на членовите







# Центри за едукација и рекреација

Центрите за едукација на кадри на Црвениот крст на град Скопје и во 2006 година ќе претставуваат еден од основните елементи за финансиска стабилност на Градската организација .

## Центар за едукација и рекреација Даре Бомбол - Водно



Во 2005 година заврши со реконструкција првиот наставен павиљон во рамките на Регионалниот тренинг центар “Даре Бомбол” со донација на Црвениот крст на Република Грција.

Во текот на 2006 година ќе се превземат активности за финансиска подршка и на останатите фази на рекострукција на Центарот, како и ставање во функција на постоечкиот објект со што ќе се обезбеди финансиски прилив, едукација на населението, едукација на тимовите на ЕИИ, подигање на имиџот на Црвениот крст на град Скопје .

## Центар за едукација и рекреација во Струга



Центарот во Струга со комплетно новиот систем на управување и организација, претставува нов концепт во работењето. Центарот во текот на 2006 година се планира да функционира како посебна единица во рамките на Црвениот крст на град Скопје.

За работата на центарот, предвидени активности за зголемување на искористеноста на истиот ќе се изготви посебна програма .










# Финансов План за 2006 година
## 01.01.2006 - 31.12.2006 година

**ПРОХОДИ**

| | Назив на приходите | Сопствени | Органи/Донации | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Донација од физички лица | | 50.000,00 | 50.000,00 |
| 2 | Донација од правни лица | | 120.000,00 | 120.000,00 |
| 3 | Приходи од Центарот за рекреација Струга | 9.000.000,00 | | 9.000.000,00 |
| 4 | Законот на Црвен Крст | 2.500.000,00 | | 2.500.000,00 |
| 5 | Проект УНХЦР | | 10.300.000,00 | 10.300.000,00 |
| 6 | Проект ПХВ /Меѓународен Комитет на ЦК | 260.500,00 | 996.700,00 | 1.257.200,00 |
| 7 | Норвешки Црвен Крст | | 742.800,00 | 742.800,00 |
| 8 | Проекти | | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 |
| 9 | Курсеви | 100.000,00 | | 100.000,00 |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **11.860.500,00** | **13.709.500,00** | **25.570.000,00** |

**РАСХОДИ**

**Плати,наемнини - надоместоци на вработените**

| | Назив на расходите | Сопствени | Органи/Донации | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Нето плати на вработени | 1.828.800,00 | | 1.828.800,00 |
| 2 | Надомест за храна на вработени | 290.000,00 | | 290.000,00 |
| 3 | Надомест за превоз на вработени | 96.000,00 | | 96.000,00 |
| 4 | Надомест за годишен одмор | 98.000,00 | | 98.000,00 |
| 5 | Персонален данок од плата | 300.000,00 | | 300.000,00 |
| 6 | Други надоместоци | 21.200,00 | | 21.200,00 |
| 7 | Придонеси од плата на вработени | 1.050.000,00 | | 1.050.000,00 |
| | **вкупно расходи** | **3.684.000,00** | **-** | **3.684.000,00** |

**Расходи за материјали и услуги**

| | Назив на расходите | Сопствени | Органи/Донации | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Електрична енергија Струга | 400.000,00 | | 400.000,00 |
| 1,1 | Електрична енергија Водно | | 660.000,00 | 660.000,00 |
| 2 | Потрошена вода Струга | 250.000,00 | | 250.000,00 |
| 3 | Ѓубретарина Струга | 70.000,00 | | 70.000,00 |
| 4 | Трошоци за учество во расходите на ДХО | 260.000,00 | | 260.000,00 |
| 5 | Поштарина | 20.000,00 | | 20.000,00 |
| 6 | Телефон /ЦК Скопје | 200.000,00 | | 200.000,00 |
| 6,1 | Телефон/Водно | 20.000,00 | | 20.000,00 |
| 6,2 | Телефон/Струга | 60.000,00 | | 60.000,00 |
| 7 | Гориво | 200.000,00 | | 200.000,00 |
| 8 | Трошоци за регистрација на возила | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| 9 | Други расходи/транспорт (патарина,миење) | 30.000,00 | | 30.000,00 |
| 10 | Канцелариски материјал | 150.000,00 | | 150.000,00 |
| 11 | Претплата за списанија | 15.000,00 | | 15.000,00 |
| 12 | Ленти,касети и друго за АОП | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| 13 | Пијалоци,прехрамбени продукти,ср. за хиг. | 150.000,00 | | 150.000,00 |
| 14 | Апарати за противпожарна заштита | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| 15 | Др. мат.–батерии,цвеќе,визит карти | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| 16 | Поправка и одржување на возила | 80.000,00 | | 80.000,00 |
| 17 | Купување на канцелариски мебел | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| 18 | Трошоци за одржување опрема | 20.000,00 | | 20.000,00 |
| 19 | Плаќање по судски решенија | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| 20 | Трошоци за работење на Центарот Струга | 3.241.000,00 | | 3.241.000,00 |
| 21 | Адвокатски услуги | 85.000,00 | | 85.000,00 |
| 22 | Банкарски провизии | 35.000,00 | | 35.000,00 |
| 23 | Осигурување на имот | 150.000,00 | | 150.000,00 |
| 24 | Изработка на прос. и урб. планови (магацин Момин поток) | 100.000,00 | | 100.000,00 |
| 25 | Други договорени услуги | 360.000,00 | | 360.000,00 |
| 26 | Расходи од проекти | | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 |
| 27 | Расходи од проект УНХЦР | | 10.300.000,00 | 10.300.000,00 |
| 28 | Расходи од преоект ПХВ/Комитет ЦК | | 1.739.500,00 | 1.739.500,00 |
| 29 | Расходи од проект ПХВ/ЦК на град Скопје | 260.500,00 | | 260.500,00 |
| 30 | Пропаганден материјал | – | | |
| | **вкупно расходи** | **6.456.500,00** | **14.199.500,00** | **20.656.000,00** |

**Функционални расходи на стручните служби**

| | Назив на расходите | Сопствени | Органи/Донации | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Патување во странство | 150.000,00 | | 150.000,00 |
| 2 | Работа на советодавни тела | 100.000,00 | | 100.000,00 |
| 3 | Работа на Соб. на Црвен Крст на г.Скопје | 30.000,00 | | 30.000,00 |
| 4 | Работа на Извршен одбор | 100.000,00 | | 100.000,00 |
| 5 | Расходи за здравствено воспитна дејност | 100.000,00 | | 100.000,00 |
| 6 | Расходи за социјално–хуманитарна дејност | 100.000,00 | | 100.000,00 |
| 7 | Работа на Младинскиот Црвен Крст | 250.000,00 | | 250.000,00 |
| 8 | Расходи за програмата за катастрофи | 300.000,00 | | 300.000,00 |
| 9 | Учество на семинари и конференции (днев.) | 100.000,00 | | 100.000,00 |
| | **Вкупно** | **1.230.000,00** | | **1.230.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **25.570.000,00** | **25.570.000,00** |
| **Вкупно приходи** | **25.570.000,00** | |
| **Вкупно расходи** | **25.570.000,00** | |
| **Разлика** | **0,00** | |

# Финансов План за 2006 година
## 01.01.2006 - 31.12.2006 година

Црвениот Крст на град Скопје со цел да обезбеди детален и транспарентен увид во приготвувањето и реализирањето на програмите го изработува финансовиот план 2006 година .

Буџетот е составен од приходен и расходен дел:

**План на сопствени приходи и приходи од проекти**

**Расходи**
**(плати и надоместоци за вработените)**

**Материјални Расходи**

**Функционални расходи**

Оваа поделба би допринела за поголема контрола на очекуваните приходи и планираните расходи во тековната година




Во прилог ви доставуваме и преглед на финансовите планови за период од 2002 до 2006 година

### 2. Опис и движење на Ресурсите во буџетот преку сопствените приходи и Приходите од Проекти

Би сакале да истакнеме дека Црвениот Крст на град Скопје во соработка со разни донатори, имплементира проекти како што се Проектот со Високиот Комесеријат за бегалци при Обединети Нации (УНХЦР) и Проектот со Меѓународниот Црвен Крст (ПХВ)

Од приложениот графикон, може да се констатира дека ресурсите од сопствените приходи се во блага стагнација, додека ресурсите од приходи од проекти се во нагорна линија.

Успешното партнерство и имплементација на овие проекти, допринесоа за подобрување на квалитетот на работењето на Црвениот Крст на град Скопје, а воедно и за подобрување на имиџот на самата организација.



Црвен крст на град Скопје
Бул. “11 Октомври” 42а
ДХО “Даре Џамбаз”
Тел. 00 389 2 3139-578
Факс. 00 389 2 3139-578
e-mail: skopje@redcross.org.mk

Kruqi i Krqi i Shkupit
11 Oktomvri 42a
DHO "Dare Djambaz"
Tel. 00 389 2 3139-578
Fax. 00 389 2 3139-578
e-mail: skopje@redcross.org.mk

City Red Cross Skopje
11 Oktomvri 42a
DHO Dare Djambaz
1000 Skopje
Phone - 00 389 2 3139-578
Fax - 00 389 2 3139-578
e-mail: skopje@redcross.org.mk

www. redcross.org.mk/skopje